Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/21

# З А П И С Н И К
од Дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 март 2020 година

Скопје, март 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 март 2020 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Неџад Мехмедовиќ, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 15-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март 2020 година

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Преземање дополнителни мерки и активности за спречување на внесување, превенција и ширење на Коронавирус COVID-19**

- **Извештаи за извршени редовни контроли на инспекторатите**

  - Информација за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата одржана на 13.3.2020 година, со Сумарен извештај (преземени и планирани активности) - 17.3.2020 година

*

*    *

1. Информација за предлог-правилник за методи за земање на мостри и аналитички методи за контрола на нивоата на диоксини, слични на диоксини PCB и диоксини кои не се слични на PCB во одредена храна, со Предлог-одлука

2. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони по однос на Извадокот од Нацрт-записникот од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 10 март 2020 година

3. Годишен извештај за Осврт на Националната политика за управување со радиоактивен отпад и искористени радиоактивни извори во Република Северна Македонија за 2019 година

4. Информација во врска со состојбата со снабдувањето со електрична енергија на одредени потрошувачи

5. Барање за итно отстапување на 143.000 литри Еуродизел БС гориво, без надомест, за превоз на ученици од училиштата за средно образование на територијата на Општина Штип

6. Информација за потребата од ре-прогласување на Охридско Езеро и прогласување на Студенчишко Блато за заштитени подрачја и нивно номинирање во Светска Рамсарска Листа

7. Информација со предлог-постапки и мерки за приближување до европската регулатива, со кои ќе се овозможи царинска контрола при увоз на нафтата и нафтените деривати

8. Информација за состојбата на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври – Еурокомпозит“, АД, Прилеп и потреба од итни активности за обезбедување на објектот

9. Предлог - уредба за поблиските услови за подготовка на документите за електронско складирање и квалификувано електронско складирање и форматите на документите кои се погодни за складирање

10. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана

11. Барање на Бинназ Сарач - Адемоска за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

12. Барање на Ајтен Сарач - Шентурк (Адемоска) за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

13. Информација за прогресот на активностите од Акцискиот план за проектот „Бесплатна вакцинација против грип за ризични групи, без ограничување во однос на примањата“

14. Информација за попречување на работата доставена од Народниот правобранител на Република Северна Македонија, во врска со формиран предмет, под НП бр.273/19 по поднесена Претставка од страна на Макфире Шакири од Скопје

15. Понуда за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8358 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион на КП бр.3748 викано место/улица Црногорска, доставена од нотар Нерџиван Идризи од Скопје

16. Повик за свикување на Собрание на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 15 април 2020 година, во 13,30 часот

17. Кадровски прашања

18. Прашања и предлози

19. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност за 2018 година во Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати (Сметка на буџет од самофинансирачки активности 787)

20. Извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје, за период јули - септември 2019 година

21. Тромесечен финансиски извештај за работењето на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје, за периодот јули - септември 2019 година

22. Информација за реализација на проектите од мерките 321, 322 и 323 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година доставени по Јавен повик 02/2018, со динамика на очекувано извршување на мерките по години

23. Информација за текот и прогресот на активностите во реализацијата на Акцискиот план за зголемување на приходите на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија

24. Информација за извршените инспекциски надзори за безбедноста на детските играчки кои се пуштени во промет на територијата на Република Северна Македонија за четвртиот квартал од 2019 година

25. Извештај за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2019 година

26. Информација за реализација на Програма за заштита на природата за 2019 година

27. Информација за плановите за заедничко учество на Република Северна Македонија и Република Франција во операцијата на Европската унија во Централноафриканската Република - ЕУТМ ЦАР

28. Информација за степенот на реализација на Акцискиот план за 2019-2020 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 година (за период јули – декември 2019 година)

29. Извештај за спроведување на Оперативниот план за имплементација на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, за 2019 година

30. Информација за увоз и извоз на прехранбени производи

31. Информација во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за затворање на Аеродром „Св. Апостол Павле“ – Охрид и Меѓународен Аеродром „Скопје“

*

*  *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 15-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март 2020 година.

*

*  *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Преземање дополнителни мерки и активности за спречување на внесување, превенција и ширење на Коронавирус COVID-19**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 17 март 2020 година и заклучи истиот да се достави до сите надлежни институции, со цел итно реализирање на мерките и препораките содржани во истиот.

Истовремено, во врска со групата наши државјани, кои организирано со конвој од автобуси пристигнуваат од Република Италија на граничниот премин Деве Баир, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да го обезбеди нивниот транспорт, без запирање и без напуштање на транспортот и истите да ги смести во капацитетите на Криволак.

2. Се задолжува Армијата на Република Северна Македонија да го огради периметарот на овој капацитет на Криволак и да го обезбедува просторот во кои овие лица ќе бидат сместени , со цел лицата да не може да го напуштат.

3. Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди лекарски тимови за овие лица.

4. Се задолжува Министерството за одбрана да обезбеди вода и храна за потребите на овие лица во текот на денешниот ден, а во текот на утрешниот ден по потреба и од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

5. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да побара преку УНДП вода и храна за потребите на овие лица за наредниот период.

6. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за труд и социјална политика и Службата за општи и заеднички работи да обезбедат мобилни тоалети за потребите на овие лица.

- **Извештаи за извршени редовни контроли на инспекторатите**

Владата ја разгледа Информацијата за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата одржана на 13.3.2020 година, со Сумарен извештај (преземени и планирани активности) - 17.3.2020 година, како материјал за информирање.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за предлог-правилник за методи за земање на мостри и аналитички методи за контрола на нивоата на диоксини, слични на диоксини PCB и диоксини кои не се слични на PCB во одредена храна, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за методи за земање на мостри и аналитички методи за контрола на нивоата на диоксини, слични на диоксини PCB и диоксини кои не се слични на PCB во одредена храна, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони по однос на Извадокот од Нацрт-записникот од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 10 март 2020 година за наредната седница на Владата откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 3**

Владата  го одложи за наредната седница Годишниот извештај за Осврт на Националната политика за управување со радиоактивен отпад и искористени радиоактивни извори во Република Северна Македонија за 2019 година, поради потребата повторно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, на која да се отвори расправа и да се заземе став по различните ставови (во однос на надлежностите) изнесени во мислењето на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и предлагачот (Дирекцијата за радијациона сигурност).

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со состојбата со снабдувањето со електрична енергија на одредени потрошувачи и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Снабдувачот во краен случај да ја разгледа можноста за продолжување со снабдување со електрична енергија на сите правни лица имајќи ја

предвид фактичката ситуација со прогласената пандемија, од страна на Светската здравствена организација, во врска со болеста COVID – 19 (корона вирус).

2. Се препорачува на сите правни субјекти да постапат и да ги преземат сите потребни активности за надминување на ваквата состојба.

**Точка 5**

Владата го одложи од разгледување Барањето за итно отстапување на 143.000 литри Еуродизел БС гориво, без надомест, за превоз на ученици од училиштата за средно образование на територијата на Општина Штип, со оглед дека во моментот е прекинат воспитно – образовниот процес на територијата на Република Северна Македонија (заради актуелната состојба со коронавирусот).

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од ре-прогласување на Охридско Езеро и прогласување на Студенчишко Блато за заштитени подрачја и нивно номинирање во Светска Рамсарска Листа и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да ја извести Владата на Република Северна Македонија по потпишување на Договорот за изработка на Студија за ревалоризација на Охридското Езеро до 30 април 2020 година.

2. Се препорачува на Општина Охрид да ја извести Владата на Република Северна Македонија за тековниот прогрес на активности за изработка на Студија за валоризација за Студенчишко Блато до 30 април 2020 година.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да ги има предвид новите податоци од Студијата за валоризација за Студенчишко Блато и тековни податоци за природните вредности на Охридско Езеро и да ги дополни во апликацијата за номинација на Охридско Езеро на Светската Рамсарска листа до 30 април 2020 година.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да ја достави апликацијата за номинација на Охридско Езеро на Светската Рамсарска листа до Владата на Република Северна Македонија до 31 мај 2020 година.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со општините Охрид, Дебарца и Струга да доставаат информација за статус на реализирани активности за изработката на Студијата за ревалоризација на Охридското Езеро на секои шест месеци до Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 7**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата со предлог-постапки и мерки за приближување до европската регулатива, со кои ќе се

овозможи царинска контрола при увоз на нафтата и нафтените деривати, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да достави нов текст на предлог- заклучоци, усогласени со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври – Еурокомпозит“, АД, Прилеп и потреба од итни активности за обезбедување на објектот и го задолжи Министерството за внатрешни работи (ОВР Прилеп) физички да го обезбедува објектот на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври – Еурокомпозит“, АД, Прилеп.

**Точка 9**

Владата ја донесе Уредбата за поблиските услови за подготовка на документите за електронско складирање и квалификувано електронско складирање и форматите на документите кои се погодни за складирање, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Бинназ Сарач - Адемоска за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, со заклучок истото да се разгледа на првата наредна седница на Владата по завршување на изборниот процес, откако претходно ќе се разгледа на Комисијата за политички систем.

**Точка 12**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Ајтен Сарач - Шентурк (Адемоска) за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, со заклучок истото да се разгледа на првата наредна седница на Владата по завршување на изборниот процес, откако претходно ќе се разгледа на Комисијата за политички систем.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите од Акцискиот план за проектот „Бесплатна вакцинација против грип за ризични групи, без ограничување во однос на примањата“ и ја усвои со заклучок Министерството за здравство повеќе да не доставува информации во врска со прогресот на активностите од Акцискиот план за проектот „Бесплатна вакцинација против грип за ризични групи, без ограничување во однос на примањата“.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за попречување на работата доставена од Народниот правобранител на Република Северна Македонија, во врска со формиран предмет, под НП бр.273/19 по поднесена Претставка од страна на Макфире Шакири од Скопје, утврди мислење врз основа на Мислењето на Министерството за здравство и согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2003, 114/2009, 181/2016, 189/2016 и 35/2018), заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Северна Македонија.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8358 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион на КП бр.3748 викано место/улица Црногорска, доставена од нотар Нерџиван Идризи од Скопје и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 16**

Владата го разгледа Повикот за свикување на Собрание на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 15 април 2020 година, во 13:30 часот и притоа заклучи:

1. Се овластува Тања Чачарова - Илиевска, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во „Македонски Телеком“, АД - Скопје, да присуствува на Собранието на акционери на „Македонски Телеком“, АД - Скопје, закажано за 15 април 2020 година, во 13:30 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го извести Македонски Телеком АД – Скопје за назначениот полномошник на Владата на Република Северна Македонија на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 15 април 2020 година, во 13:30 часот.

3. Се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија по однос на предлозите за реизбор, отповикување и избор на членови на Одбор на директори на Македонски телеком АД - Скопје на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 15 април 2020 година, во 13:30 часот:
3.1. Да гласа ЗА по предлогот за реизбор на Кароj Швејнингер на позицијата Неизвршен член на Одборот на директори на „Македонски Телеком“ од датумот на седницата на Собранието.

3.2. Да гласа ЗА по предлогот за отповикување на Јанош Тремел од позицијата Неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком од датумот на седницата на Собранието заради неговото заминување од „Мaѓар Телеком“
Да го избере Лубор Жатко на позицијата Неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком со мандат од датумот на седницата на Собранието и

3.3. Да гласа ЗА по предлогот за избор на Мартин Ренер на позицијата Независен Неизвршен член на Одборот на директори на „Македонски Телеком“ со мандат од датумот на седницата на Собранието, како замена за Давид Коприва врз основа на поднесената оставка од негова страна.

<u>Точка 17</u>

По оваа точка немаше предлози.

<u>Точка 18</u>

**1.** Владата по Записникот од состанокот на Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река и Барањето за промена на рокот за достава на понуди за учество во претквалификација, заклучи:

- Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање за првата наредна седница на Владата да достави соодветно изменета Тендерската документација, како и предлог за промена на рокот за достава на понуди за учество во претквалификација.

**2.** Владата го разгледа Барањето на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, за престанување на важење на заклучоци донесени од Владата и за продолжување на рокови на заклучоци донесени од Владата и притоа заклучи:

1) Во Нацрт-записникот од 66-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 2 мај 2018 година, по однос на Точка 21 -Информација во врска со реализираните и планираните активности за искористување на можностите на Зелениот климатски фонд (за периодот октомври 2017 година – март 2018 година), Заклучокот под реден број 1 „Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, како Назначен национален орган за Зелениот климатски фонд во соработка со Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Царинската управа и Управата за јавни приходи, до јули 2018 година да го подготви одговорот по однос на Предлог-договорот за привилегии и имунитети за Зелениот климатски фонд и истиот да го достави на разгледување до Владата на Република Македонија, најдоцна до септември 2018 година“, да престане да важи, со оглед на тоа дека на 93-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 9 октомври 2018 година, усвоена е Информација во врска со активностите за искористување на можностите на Зелениот климатски

фонд подготвена од страна на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

2) Во Нацрт записникот од 31-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10 октомври 2017 година, по однос на Точка 38 - Информација за степенот на имплементација на реформските мерки во областа на енергетиката, Заклучокот под реден број 11 „Се задолжува Работната група за реализација и следење на активностите од дел 4- мерки за транспарентност на одржливи енергетски системи од Повелбата за одржливост, континуирано да одржува работни состаноци, најмалку еднаш во месецот, и за напредокот во реализацијата на мерките редовно, на секои два месеци Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да ја информира Владата“, да престане да важи, но исто така да престанат да важат и сите последователно креирани задолженија (Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да известува на секои два месеци) врз основа на овој Заклучок.

3) Во Нацрт-записникот од 2-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 20 јануари 2016 година, по однос на Точка 56 - Информација за прогресот на активностите во врска со имплементацијата на Националната стратегија за одржлив развој, рокот во Заклучокот под реден број 5 „Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, м-р Владимир Пешевски, во координација со Техничката работна група на Советот за одржлив развој, да го подготви Акцискиот план за одржлив развој за периодот 2015-2030 година и за истото да ја извести Владата, најдоцна до крајот на декември 2016 година“, е продолжен до 27 декември 2017 година.

4) Во Нацрт-записникот од 42-та седница на Владата на Република Македонија одржана на 12 декември 2017 година по однос на Табеларниот преглед за поништување на одделните активности на институциите кои произлегуваат од заклучоци на Владата, Табеларен преглед за продолжување на рокот на активностите на институциите кои произлегуваат од заклучоци на Владата и Табеларен преглед на институции кои не доставиле одговор, и истиот да престане да важи со оглед на тоа дека на 91-та седница на Владата, одржана на 2 октомври 2018 година, доставена е Информација во врска со активностите кои ги презема Република Македонија за имплементација на Националната стратегија за одржлив развој и имплементација на Целите за одржлив развој на Обединетите Нации во која е дадена хронологија на активности со заклучоци за формирање на Техничка работна група, ажурирање на Матрица и ГАП анализа, одржување на седница на Национален совет за одржлив развој и изработка на Акциски план за 2019-2020. Дополнително, на 172-ра седница на Владата, одржана на 24 декември 2019 година беше разгледана и усвоена Информација за статусот на подготовка на Доброволен национален преглед кон Организацијата на Обединетите Нации (ООН) за имплементација на Агендата 2030 на Целите за одржлив развој.

5) Во Нацрт-записникот од 104-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 11 април 2017 година, по однос на Точка 45 - Информација за Меморандум за разбирање помеѓу Република Македонија и Швајцарија застапувана од Амбасадата на Швајцарија во Република Македонија- Швајцарска агенција за развој и соработка за Програма за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој, Заклучокот под реден број 3 „Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во соработка со Министерството за локална самоуправа за прогрес на активностите од Меморандумот за разбирање помеѓу Република Македонија и Швајцарија застапувана од Амбасадата на Швајцарија во Република Македонија - Швајцарска агенција за развој и соработка за Програма за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој, да ја информира Владата на семестрална основа до 2020 година", да престане да важи, со оглед на тоа дека на 174-та седница на Владата одржана на 28 декември 2019 година беше разгледана Информација за спроведување на проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - I фаза на спроведување, број 09-8508/1 од 20.12.2017 година.

Дополнително, на 7-та седница на Владата, одржана на 10 февруари 2020 година била усвоена Информација за потребата од склучување Анекс Договор број 2 на Договорот за проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - I фаза на спроведување, број 09-8508/1 од 20.12.2017 година.

6) Во Нацрт-записникот од 64-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 17 април 2018 година, по однос на Точка 9 - Информација за потребата од подготовка на детална длабинска анализа на компании во државна сопственост, Заклучокот под реден број 2 „Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во октомври 2018 година да ја информира Владата за прогресот на активностите за подготовката на деталната длабинска анализа на компании во државна сопственост.", да престане да важи, со оглед на тоа дека Заклучокот се реализирал преку низа други активности.

7) Во Нацрт-записникот од 7-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10 февруари 2016 година, по однос на Точка 53 - Информација со Стратегија за конкурентност на македонската економија 2016-2020 година, со Акциски план за периодот 2016-2020 година, Заклучокот под реден број 3 „Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, на семестрално ниво да ја информира Владата за степенот на реализација на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за конкурентност за периодот 2016-2020 година.", да престане да важи рокот 13 февруари 2018 година, со оглед на тоа дека на 72-та седница на Владата, одржана на 12 јуни 2018 година била разгледана Информација за степенот на реализација на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за конкурентност на македонската економија 2016-2020 година, односно задолжениeто е реализирано.

8) Во Нацрт-записникот од 7-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10 февруари 2016 година, по однос на Точка 53 - Информација со

Стратегија за конкурентност на македонската економија 2016-2020 година, со Акциски план за периодот 2016-2020 година, во Заклучокот под реден број 3 „Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, на семестрално ниво да ја информира Владата за степенот на реализација на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за конкурентност за периодот 2016-2020 година“, рокот „14 август 2018 година“ да се продолжи до „март 2020 година“.

9) Во Нацрт-записникот од 93-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 9 октомври 2018 година, по однос на Точка 33 -Информација во врска со активностите за искористување на можностите на Зелениот климатски фонд (за периодот март – октомври 2018 година), во Заклучокот под реден број 1 „Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, како Назначен национален орган за Зелениот климатски фонд во соработка со Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Царинската управа и Управата за јавни приходи, до март 2019 година да го подготви одговорот по однос на Предлог-договорот за привилегии и имунитети за Зелениот климатски фонд и истиот да го достави на разгледување до Владата, најдоцна до април 2019 година, да престане да важи, со оглед на тоа во текот на 2018 и 2019 година извршени се меѓу-институционални усогласувања на ставовите по однос на Предлог-договорот за привилегии и имунитети за Зелениот климатски фонд. Заземен е став дека Информацијата ќе биде доставена штом се создадат услови за донесување на Предлог-договорот за што Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, дополнително ќе ја информира Владата.

10) Во Нацрт-записникот од 59-та (тематска) седница на Владата на Република Македонија, одржана на 20 март 2018 година, по однос на Точка 5 -Информација за процесот, активностите и фазите за основање на Научно-технолошки парк во Македонија, во Заклучокот „Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, и со претставници од Фондот за иновации и технолошки развој, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за образование и наука и Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија која ќе подготви предлог за спроведување на иницијативата за основање на научно-технолошки парк во Македонија со соодветни предлози за просторни, финансиски и кадровски ресурси и во рок од 90 дена да ја информира Владата“, рокот „19 јуни 2018 година“ да се продолжи до „март 2020 година“.

11) Во Нацрт-записникот од 32-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 19 октомври 2017 година, по однос на Точка 10-Барање за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на „Македонски железници Транспорт“, АД – Скопје, со Предлог-одлука, заклучокот под реден број 3 „Се задолжува д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на

Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во соработка со ресорните министерства (Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и Министерството за економија) да подготви информација до март 2018 година со соодветни препораки, насоки и предлози за можностите за решавање на проблемите во железничкиот сектор во Република Македонија („Македонски железници Транспорт", АД - Скопје, Јавно претпријатие „Македонски железници – Инфраструктура", Друштвото „Фабрика за шински возила", „ВЕЛЕС", ДООЕЛ, Велес („Колска Велес")", да престане да важи, со оглед на тоа дека активностите во однос на решавање на проблемите во железничкиот сектор во државата и унапредување на услугите кои ги нуди железничкиот сектор се во тек преку проекти кои ги имплементираат надлежните институции.
По однос на реализација на проектите институциите тековно ја информираат Владата.

12) Во Нацрт-записникот од 144-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јули 2019 година, по однос на Точка 3-Извештај за извршени контроли на површини засадени со анасон во сите категории и список на економски оператори за 2018 година, Заклучокот под реден број 1 „Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, да подготви сублимирана информација од извештаите за извршени контроли на површини засадени со анасон за 2018 година доставени од Државниот инспекторат за земјоделство, Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и извештајот кој треба да го достави Управата за јавни приходи и истата да ја достави до Владата во рок од 15 дена", да престане да важи, со оглед на тоа дека на 156-тата седница на Владата, одржана на 2 октомври 2019 година, била разгледана Информација за извршени контроли на површини засадени со анасон во сите категории и список на економски оператори за 2018 година подготвена од страна на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 9 март 2020 година до 15 март 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го разгледа Барањето за измена на Заклучок од седница на Влада, доставено од Државниот инспекторат за труд, под број 11-1174 од 24 февруари 2020 година и го донесе следниот заклучок:

Да престане да важи обврската на Државниот инспекторат за труд до Владата квартално да доставува информации за извршените инспекциски надзори во координација со Државниот здравствен и санитарен инспекторат за ефектите од одредување на стандардниот минимум на здравствените прегледи, согласно Заклучокот по точката 32 донесен на 110-та седница на Владата, одржана на 23.5.2017 година, кој е во иста насока со обврската на Државниот инспекторат за труд,

согласно Заклучокот по точката 56 донесен на 98-та седница на Владата, одржана на 3.3.2017 година.

**5.** Владата го разгледа Барањето за измена на заклучоци од седница на Влада, доставено од Општина Крушево, под број 03-304/2 од 3 март 2020 година и ги донесе следните заклучоци:

1) Да престане да важи обврската на Општина Крушево до Владата да доставува информации за текот и прогресот на активностите во врска со проектот - Поставување на споменик во месноста „Слива“, со акциски план, согласно Заклучокот по Точка прашања и предлози, донесен на 11-та седница на Владата, одржана на 1.3.2016 година, со оглед дека оваа активност се уште не е отпочната со реализација, а која е предвидена во Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за 2019-2024 година, донесена од Советот на Општина Крушево.

2) Да престане да важи обврската на Општина Крушево до Владата да доставува информации со акциски план за текот и прогресот на активностите во врска со набавка на седишта и опрема за озвучување за потребите на кино салата во Дом на култура во Крушево, согласно Заклучокот по Точка прашања и предлози, донесен на 11-та седница на Владата, одржана на 1.3.2016 година.

**6.** Владата го разгледа Барањето за измена на Заклучок од седница на Влада, доставено од Министерството за здравство, под број 09-2256/1 од 4 март 2020 година и го донесе следниот заклучок:

Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата на секои шест месеци да доставува информации за прогресот на активностите од Акцискиот план за Проектот „Воведување на вакцинација против пнеумокок и рота вируси“, согласно Заклучокот донесен на 139-та седница на Владата, одржана на 11 јуни 2019 година, со оглед дека Владата има донесено Програма за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2020 година во која е опфатена оваа мерка.

**7.** Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Интерсекторската работна група за квалитет на воздух (ИРГ) за 2019 година, како материјал за информирање.

<u>Точка 19</u>

Владата го разгледа Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност за 2018 година во Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати (Сметка на буџет од самофинансирачки активности 787), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да пристапи кон изготвување на Акционен план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена

ревизија на усогласеност за 2018 година во Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати (Сметка на буџет од самофинансирачки активности 787), во функција на надминување на утврдените состојби и истиот, во рок од 30 дена, да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 20**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП Национална радиодифузија-Скопје, за период јули-септември 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид укажувањето на Министерство за информатичко општество и администрација, дека за реализацијата на претходно дефинираните законски обврски на ЈП Национална радиодифузија-Скопје, а особено на обврските за изградба и развој на бродбенд мрежите, неопходни се вработувања и обуки на високо стручни кадри, како и технички, просторни и транспортни капацитети, со цел јавното претпријатие да може да ги исполни дејностите предвидени со законот и обврските од бродбенд стратегијата.

**Точка 21**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје, за периодот јули - септември 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Акционерското друштво „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии во насока надлежните органи на Друштвото навремено да го доставуваат Извештајот на разгледување, односно по завршување на тримесечјето за кој истиот се однесува.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектите од мерките 321, 322 и 323 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година доставени по Јавен повик 02/2018, со динамика на очекувано извршување на мерките по години, како материјал за информирање.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во реализацијата на Акцискиот план за зголемување на приходите на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид усното укажување на Министерството за финансии,  активностите во Акцискиот план, Институтот да ги реализира согласно обезбедените средства во Буџетот.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за извршените инспекциски надзори за безбедноста на детските играчки  кои се пуштени во промет на територијата на Република Северна Македонија за четвртиот квартал од 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Програма за заштита на природата за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за плановите за заедничко учество на Република Северна Македонија и Република Франција во операцијата на Европската унија во Централноафриканската Република - ЕУТМ ЦАР, како материјал за информирање.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на Акцискиот план за 2019-2020 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 година (за период јули – декември 2019 година), како материјал за информирање.

**Точка 29**

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Оперативниот план за имплементација на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за увоз и извоз на прехранбени производи и ја усвои со следните нови заклучоци:

1. Согласно предлогот на Работната група составена од претставници на Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство, Министерството за надворешни работи и Царинската управа на Република Северна Македонија се воведува забрана за извоз на брашно од пченица кон сите земји за неограничено време.

- Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство и Царинската управа на Република Северна Македонија, да ги преземат сите неопходни активности со цел спроведување на оваа мерка.

2. Се задолжуваат Царинската управа на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство во наредниот период од три дена да го следат трендот на извоз на рафинирано сончогледово масло за јадење, ориз, кондиторски и пекарски производи (тестенини, бисквити и слично) и за истото да ја информира Владата еден ден по истокот на овие три дена.

3. Се препорачува на мелничко-преработувачката индустрија да ја има предвид бесцаринската квота за увоз на пченица од земјите-членки на СТО во количина од 80.000 тони.

4. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство, Агенцијата за стоковни резерви заедно со мелничко-преработувачката индустрија да ја утврдат моменталната состојба со залихите на пченица и брашно и за истото да ја информираат Владата во рок од два дена.

5. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку мрежата на ДКП-та да упати инструкција со цел обезбедување информации на дневна основа заради следење на воведувањето на евентуалните забрани на увоз и извоз на стоки кон Република Северна Македонија.

6. Се задолжува Државниот пазарен инспекторат да изврши вонредна контрола на магицините и дистрибутивните центри со цел да ја утврди ситуацијата за можни скриени залихи на основни прехранбени производи и воедно да ја следи ситуацијата од аспект на несоодветно покачување на цените и за истото редовно на секои три дена да ја информира Владата во врска со ова прашање.

7. Се задолжува Агенцијата за стоковни резерви во рок од три дена да изврши контрола на складиштата на пченица и другите прехранбени артикли согласно Закон и за истото да ја извести Владата.

8. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство и Агенцијата за стоковни резерви да изработат листа на прехранбени производи коишто би биле предмет на евентуален интервентен увоз во рок од пет дена.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за затворање на Аеродром „Св.Апостол Павле“ – Охрид и Меѓународен Аеродром „Скопје“, ја усвои Информацијата и заклучи дека привремено суспендирање на летови на „Wizz Air“ од/до Република Северна Македонија е прифатливо до следна одлука на Владата на Република Северна

Македонија и го задолжи Министерството за транспорт и врски за истото да го извести „Wizz Air".

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:15 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |